**СПАСИ ГО НАЈСТАРОТО И НАЈДЛАБОКОТО ЕЗЕРО ВО ЕВРОПА!**
**МЕЃУНАРОДНА ПЕТИЦИЈА ЗА СПАС НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО!**

**Зошто е ова важно?**

Охридското Езеро се наоѓа на Динарските Алпи, на границата меѓу Република Македонија и Република Албанија. Неговата старост се проценува на околу 4 милиони години. **Тоа е најстаро природно езеро во Европа** и едно од најстарите природни езера во светот. Најголемата просечна длабочина му изнесува 155 м, поради што Охридското Езеро е **најдлабоко во Европа и 14то најдлабоко езеро во светот**.

Со над 200 ендемични видови кои живеат во неговите води, Охридското Езеро **е најважниот езерски екосистем на европскиот континент. Ако се земе предвид неговата големина, може да се каже дека има најголема разновидност на животински и растителен свет во споредба со кое било друго езеро во светот.**

**Охридското Езеро е уникатно по начинот на своето создавање** – со вертикално подигање и спуштање на Земјината кора. Многу малку други езера во светот се создадени на овој начин.

Охридското Езеро веројатно е **уникатно во светски рамки и по тоа што главно се снабдува со вода од извори – и тоа надземни и подземни.** Овие одлики, т.е. неговата неповторлива еволуциска приказна, придонесуваат тоа да биде од суштинско значење и за науката и за животната средина. Овие одлики се, најверојатно, и причината поради која Езерото изобилува со најразлична флора и фауна.

Езерото и неговата околина се познати и по својата богата историја, култура, археолошките пронајдоци и неповторливата природна убавина.

Благодарение на овие исклучителни карактеристики, во 1979 година **Охридското Езеро и градот Охрид станаа дел од само 31 локација во светот прогласена за светско природно и културно наследство од страна на УНЕСКО.**

Над охридската котлина се издигнува планината Галичица на чиишто падини е распослан истоимениот национален парк. Унијата за заштита на природата (IUCN) го има дефинирано Националниот Парк Галичица како исклучително важен регион и истиот е заштитен со закон од 1958 г. Благодарение на повеќе стотици автентични уникати на природата, како и заштитени животински и растителни видови, НП Галичица **е прогласен за Значително подрачје на растенија, Примарно подрачје за пеперутки и Емералд подрачје (односно Натура 2000 подрачје кога Македонија ќе стане членка на ЕУ).**

Поради својот извонреден биодиверзитет со меѓународното значење, во 2014 г. **НП Галичица стана дел од Светската мрежа на биосферни резервати на УНЕСКО – во светот има само 31 ваков прекуграничен биосферен резерват.**

ОХРИД ИМА ПРЕЖИВЕАНО МИЛИОНИ ГОДИНИ. БИЛ СВЕДОК НА СОЗДАВАЊЕТО НА ЧОВЕЧКАТА РАСА, НА ПРВИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ, НА ПОДЕМОТ И ПАДОТ НА ВИЗАНТИЈА, НА НЕЗАВИСНОСТА НА МАКЕДОНИЈА; НО ПОСЛЕДНИТЕ АПСУРДНИ И МЕГАЛОМАНСКИ ПРОЕКТИ НА АКТУЕЛНАТА ВЛАДА

НА РМ СЕ ЗАКАНУВААТ ДЕКА ЌЕ СТАВАТ КРАЈ НА ОВАА РЕТКА ПРИРОДНА СКАПОЦЕНОСТ И НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК!

Проектите на Владата на РМ се следниве:

1. Сушење на Студенчишко Блато кое е од клучно значење за опстанокот на Езерото и изградба на станбени комплекси на негово место долж брегот;
2. Сечење на последниот појас трски и покривање на голема површина на Езерото со бетонски платформи со цел „да се дигнат“ огромни туристички комплекси;
3. Поништување на заштитата на последната недопрена област од Езерото и загрозување на најважните извори кај Св. Наум кои го снабдуваат езерото со вода – повторно за на нивно место да се најде некој од горенаведените туристички комплекси;
4. Поништување на заштитата на дел од НП Галичица и градење на експресен пат (автопат) од 14 км, за што ќе се уништат 50ха заштитено подрачје од Националниот Парк – проект кој е многу веројатно финансиран од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР);
5. Поништување на заштитата на голем дел од Националниот Парк Галичица со цел изградба на ски-комплекс од 400ха, со кој се предвидуваат огромен хотел и викенд-населба.

**Експертите кои ја изработија СОВЖС јасно предупредуваат дека <u>негативните последици</u> врз биодиверзитетот, почвата и водите предизвикани со реализацијата на овие проекти <u>ќе бидат неповратни</u>, дека <u>не постојат компензациски мерки</u> и дека постои реален ризик од <u>губење на заштитата од УНЕСКО</u>.**

**Владата на РМ одлучи да ги игнорира овие предупредувања и сепак да си продолжи со своите планови.**

НО, ЗАЕДНО МОЖЕМЕ ДА ГИ ЗАПРЕМЕ ОВИЕ ПЛАНОВИ И ДА ЈА СПАСИМЕ ОВАА ПРИРОДНА РЕТКОСТ И МИЛИОНИТЕ ЖИВОТНИ ФОРМИ КОИ ЈА НАСЕЛУВААТ! ВЕ МОЛИМЕ ПОВИКАЈТЕ ГИ МАКЕДОНСКИОТ ПРЕМИЕР, ДИРЕКТОРОТ НА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОХРИД ДА ГИ ПРЕКИНАТ ВЕДНАШ ПРОЦЕДУРИТЕ ЗА ИЗМЕНИ НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО НП ГАЛИЧИЦА И ГЕНЕРАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ОХРИД И НЕГОВОТО КРАЈБРЕЖЈЕ. ПОБАРАЈТЕ ОД НИВ ДА СЕ ПОВЛЕЧАТ ОД АПСУРДНИТЕ ПРОЕКТИ!